Врз основа на член 46, 47 ,48 ,50 и 51 од Законот за Основно образование(вСл.в. на РМг бр. 103/2008 , 33/10,116/10,156/10,18/11 ,51/11, 6/12 ,100/12, 24/13,41/14,116/14,135/14 , 10/15, 98/15,145/15 , 30/16 , 127/16, 67/17 и 64/18 г . ) ,ООУгСв.Климент Охридскиг од Македонски Брод го издава следното :

# **С О О П Ш Т Е Н И Е**

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОД.

1. Децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во месец Мај за следната учебна година .

2.Во прво одделение на основното училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година – до **31.12.2018 г.** ќе наполни **6(шест)** години,односно децата родени **2012 година** .

3. По исклучок од став( 2 ) на ова соопштение ,детето може да се запише во прво одделение ,доколку наполни шест години до **31.01.2019** година, односно децата родени во месец Јануари **2013 година** ,по претходно барање од родителот и добиено мислење од педагог или психолог во училиштето .

4.При запишувањето на детето во прво одделение родителот е должен да достави потврда за применете задолжителни вакцини за детето издадена од надлежна здравствена установа, потврда за стоматолошки систематски преглед од специјалист по детска и превентивна стоматологија (или општ стоматолог вработен во истоимената служба) одговорен за училиштето ,и извод од матична книга на родените

5. Запишувањето на детето ,на барање на родителот ,здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште .

6.Основното училиште е должно навреме да го организира и изврши запишувањето на учениците и е должно да ги опфати училишните обврзници од својот реон .

7. Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување .

8. Основачот го утврдува реонот на основните училишта од кои се запишуваат учениците , а децата од селата каде има Подрачно училиште и околните села кој припаѓаат на тој реон- на подрачното училиште ќе учат во подрачното училиште.

9. Запишувањето на детето во училиштето го врши комисија која ја формира директорот на училиштето.Комисијата е составена од педагог или психолог и наставник за предучилишно воспитание ,односно одделенски наставник .

10.Комисијата од точка ( 9 ) на ова соопштение е должна, по правило, да го извести родителот за подготвеноста на детето за тргнување во училиштето, најмалку два месеци пред почетокот на наставата .

11.Родителот по одлуката на комисијата има право на жалба до комисија формирана од градоначалникот на општината .

12.Родителот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее или каде што постојано престојува .

13. Родителот има право детето со посебни образовни потреби да го запише во основното училиште ,освен во случаеви кога посебните образовни потреби на детето се таквии што треба да следи настава во посебно основно училиште .

14 .Родителот,односно старателот на детето е должен да го запише детето во основното училиште и е одговорен за негово редовно посетување на истото .

Запишувањето во училиштето се врши секој работен ден од **08,30** до **14 ,00** часот во Психолошко-педагошката служба.

23.04.2018 г.
Мак.Брод

В.Д. Д и р е к т о р
Гоце Стојановски